Александар АПОСТОЛОВ

# „ВИНИЧКАТА АФЕРА“

## прво масовно раскривање на Тајната македоноодринска револуционерна организација*

Пред осумдесет години, на денешен ден, односно во ноќта, меѓу 14 и 15 ноември 1897 година, Вашето убаво градче со неговите работливи жители ги потресе злосторство — двојното убиство — што го стори вооружена група разбојници составена од луѓе од овој регион, а дојдена од Бугарија. Убиството на ноќниот патрулија на Виница и на богатиот Турчин Каазим-ага исто така од Виница, стана повод да се разоткријат складови оружје и мрежата на Тајната македонска револуционерна организација што беше создадена во октомври 1893 година во Солун. Благодарејќи пред сѐ на среќната околност што во учебните 1894/95 и 1895/96 година во Штип беа учители Гоце Делчев и Даме Груев, апостоли на оваа Организација, овој дел од Македонија, а тука и вашето градче Виница беа меѓу првите организирани во таа македонска бојна и револуционерна сила што тајно се подготвуваше, за еден ден јавно да го поведе во борба македонскиот народ и другите потиснати народности што живееја во Македонија, против петвековниот османско-турскиот чифчиско-феудален јарем и против режимот на крвавиот Султан Абдул-Хамид Хан II.

Од Гоце Делчев Виница беше определена за главен пункт на устроениот од него таен канал кој го поврзувал Штип со Ќустендил, а поминувал низ Виница.

Зошто токму Виница ја доби таа чест да биде важен револуционерен пункт на оваа така важна тајна комуникација меѓу задграничното претставништво на ТМОРО во Софија и Револуционерната внатрешна организација. Ова сигурно беше обусловено од неколку фактори:

Првиот фактор беше географската положба на Виница што во тогашните услови (немање железнички и автомобилски со-

* Реферат поднесен на Свечената академија во Виница на 15. XI 1977 година.

обраќај) таа заземаше централно место кон кое гравитираа населбите од југозападните поли на Осоговијата, Малешевијата и полите на Пљачковица. Преку Виница поминувал и најкусиот пат од Штип по левата обала на Брегалница кон Источна Македонија, подразбирајќи го тука и нејзиниот Пирински дел што тогаш исто така се наоѓал под турско полуфеудално ропство.

Вториот фактор е економскиот.

Виница кон крајот на XIX век броела околу 2600 жители. Од нив 1700 биле Македонци, а 900 Турци.

Главен поминок на населението од Виница и од селата околу неа, а што се наоѓаа во Брегалничката долина беше земјоделството, а во првред производството на ориз. Оваа зрнеста храна, во тогашните услови имала многубројни консуматори особено меѓу муслиманското население и турската војска. Производството на вино, а особено на мацун од грозје, пак за спомнатите консуматори, заземале второ место зад оризот во исхраната на населението. Афионот го откупувале трговци кои доаѓале и од далечни трговски центри. Извесниот број услужни и производни занаети, како и бројни дуќани со бакалска стока, и пространи и пригодни анови за добиток, привлекувале голем број пазарџии дури од подалечни населени центри, кои доаѓале на пазар во среда, што е и денеска пазарен ден во овој град. Интересите на одгледувачи на добиток за млечни производи, за кожа и месо, како и на трговците кои тргувале со оваа стока, пак се вкрстувале во оваа урбана крстосница во чија подалечна околина постоеле прекрасни услови за гоење на „сувати" за експортна намена или за конзервирање месо во вид на пастрма која се продавала на повеќе пазари во Македонија. Ете сите тие погодности, не само што создале слој од економски заможни виничани, туку привлекле за трајно да се населат и неколку фамилии од Штип — првенствено трговски. Затоа и виничкиот пазар за жив добиток и за друг вид трговска стока станал најпрочуен и најголем во Скопскиот вилает.

Токму ваквата положба на Виница и на нејзините граѓани обуслови уште во годината на создавањето на ТМОРО и во Виница да се создаде месно раководно тело на чело на кое застанале имотните трговци Спиро Ампов и Ѓорѓи Јованчев. И двајцата одлично познати на населението од селата на виничката околина, а Спиро Ампов познат и на чаршијата од Пехчево, Царево Село и Кочани. Неговата сопруга била од Штип, та и роднинските и деловните врски со овој град за Спиро биле мошне разгранети. Така тој и Ѓорѓи Јованчев биле повикани во Штип од Гоце Делчев и Дамјан Груев и им била дадена задача да устројат канал од Виница за Ќустендил и обратно. Благодарение на познавањето луѓето од планинските села што водат кон границата, каналот бил устроен според инструкциите што им ги дале Гоце и Даме. Како прв курир на овој канал бил Ангел баба Божанин од Виница. Во селата Јакимово, Драгобраштa,

К'шлата и Илиово биле создадени јавки од лица кои биле примени во Организацијата и кои биле во услуга на сите комуницирања по устроениот канал.

Гоце Делчев, сакајќи да се увери во сигурноста на овој канал, како и да го засили купувањето оружје и други материјали преку назначеното од него задгранично претставништво на ТМОРО, и самиот придружуван од Ангел Винички, неколку пати оди за Софија и оттаму наполно безбедно се враќа со товари оружје и нужна за револуционерното дело литература. Гоце и Даме и целата Организација одушевени се од функционирањето на оваа животна артерија за ВМРО — тајниот канал. Авторитетот на организацијата расне меѓу селските маси. Тие ја прегрнуваат оваа своја рожба и целата надеж и доверба им е во неа. За кратко време во Организацијата беа опфатени поистакнатите селани од Блатец, Липец, Лески, Зрновци и други. Најзаслужен за организирањето на овие села бил Спиро Ампов, кој се ползувал со големи врски и авторитет среде селаните од овие села. Од Виница до Штип исто така бил устроен таен канал за потребите на Организацијта. Оружјето што се донесувало од Бугарија и до десет товари наеднаш било придружувано и складирано од Ангел Божанин. Привремените складови се наоѓале во селата околу Виница. Драгобраште, К'шлата, Јакимово и Лески.

По заповед од Штип ова оружје се префрлало до Штип во вид на трговска стока. Од Виница биле испратени во вреќи со ориз за Битола и бомбите во 1896 година што ги пренел кирацијата Доне Тошев од Штип. Тие бомби ги барало Битолското окружно раководство „за да им се породува". Фатениот Доне и покрај грозните маки на кои бил подложен не признал дека бомбите му се дадени од Виница. Со своето херојско држање пред турските власти во Битола овој дотогаш анонимен кирација и скромен работник на Организацијата стана идол за подржавање од револуционерната младина на Македонија. Него го овековечија битолчани во песната: „Ми товарил калеш Дончо три товари ориз . . ."

И макар сеуште во почетната фаза од своето организационо постоење и дејствување ВМРО беше постигнала завидни резултати во Виничкиот регион. Спиро Ампов како главен човек во Црковно-училишната општина во Виница беше назначил погодни луѓе за учители и за раководители на месни раководни тела на ВМРО. Народните свештеници исто така беа опфатени во оваа Организација — дури и неколку жени од Виница станале членки на Организацијата и речиси биле незаменливи во укривање материјали и оружје и растурање на нужни известувања до организираните членови.

Бидејќи во Виница не постоела турска полиција, ниту друга вооружена формација, Организацијата можела спокојно да ја развие својата сестрана дејност не подозирана од Турците виничани кои со македонското население имале не само коректни

односи, туку и едно сожителство чија што спојка бил земјоделскиот труд.

И токму „робот престана да се чувствува роб" бидејќи веќе се беше запознал со оружјето наменето за востание кога целиот народ од Македонија ќе биде готов за тој крвав чин без кој слободата сама не доаѓа, создадениот во 1895 година Врховен комитет во Софија започна да се меша во Организацијата во Македонија, со цел да ја преземе однатре да ја разбие на фракции и да ја усмери кон целите што беа набележани од бугарскиот монарх и бугарската буржоазија, т.е. дека Македонија не може да се ослободи со сопствени сили туку само со бугарските двесте илјади штикови, како што често имаа обичај да ја повторуваат оваа фраза врховистите.

И токму во близината на Виничкиот регион во 1895 година беше испратена врховистичка чета која беше разбиена на планината Голак, а заробените четници од турскиот аскер биле дотерани во Виница и тука преноќувале пред да бидат конвоирани за Кочани. Виничани биле потресени од односот на турските војници и башибозлук спрема овие заробеници зашто меѓу нив имало и двајца штипјани што биле познати на некои луѓе од Виница.

Во истата година се појавил во виничките села и Александар Чакаров, кој бил пред тоа две години учител во Виница, а инаку родум од Велес, но ценејќи го неговото минато и неговото однесување во време на учителствувањето во Виница, народот го запознал како авантуристичко-егзалтиран тип наклонет кон такви манифестации што би предизвикале ефект кај околината.

Тој, облечен во униформа на бугарски офицер, дошол тајно од Бугарија и барал средба со раководните луѓе на Организацијата во Виница. Кога се сретнал со Ѓорѓи Јованчев во с. Драгобрашта, тој изјавил дека бил испратен од Врховниот комитет од Бугарија за да крева востание во Кочанско. Барал да му се стават на располагање луѓе од Организацијата со кои ќе ја изведе оваа своја замисла. Известен за ова Гоце Делчев, заповедал веднаш Чакаров да се врати назад дури ако е потребно и со сила. Во писмото што Гоце го испратил по тој повод до виничкото раководство меѓу другото се вели и ова: „Ако Македонија може да се ослободи со четириесетина вооружени востаници како што мисли господинот Чакаров, таа одамна ќе беше слободна".

Ненаоѓајќи приврзаници на својот илузорен план Александар Чакаров бил принуден да се врати од каде што дошол.

Голачкото стражување и овој инцидент со Чакаров виден се доказ дека врховизмот започнал да сондира терен за својата пеколна замисла уште во годината на своето конституирање во Бугарија.

Со овие настани ВМРО од Виничко била вознемирена, а Турците и турската власт предизвикани но сеуште конкретно ништо не насетувале дека постои организација што ја проширила својата мрежа во цела Македонија. Неколкуте раскривања на месни организации, каква што била Дединската — во Радовишкиот револуционерен реон, немале поголеми последици бидејќи не се прошириле и на други револуционерни реони. Жестокото убиство и ограбување на Ќазим ага, инаку богат млад Турчин, ценет и од македонското и од турското население станало причина за разгневеност и на турските власти и на турското население. По заповед на скопскиот валија, бил испратен во Виница Дервиш Ефенди началник на турската полиција во Скопје. Тој, заедно со своите џелати отпочнал иследување за убиството на Казим ага над видните винички граѓани, над учителите и свештениците, над селаните од виничките села.

За да ги најдат убијците биле применувани и инквизиторски методи над затворените луѓе. Биле откриени пушки, во некои села од Виничко. Овој факт уште повеќе ги разгневи турските власти. Започнале апсења и во други градови од Македонија, во Штип, Кочани, Пехчево, Царево Село, Радовиш, Кавадарци, Злетово, Лесново, Кратово, Крива Паланка се до Куманово. Во Виница бил фатен Спиро Ампов одведен во Кочани со други некои виничани и првенци од селата, и таму мачен со најразлични средства. Ѓорѓи Јованчев и Ангел баба Божанин, успеале да избегаат во Бугарија. Градските затвори биле преполни, теророт станал стравичен. Делегација од жени пристигнала од Виница во Скопје на чело со баба Пара Стефанова, но валијата грубо ги изгонил. Жените пратиле телеграма до Високата Порта, ги посетиле и странските конзули во Скопје за да протестираат против постапките на полицијата. Портата заповедала поскоро да се сврши со истрагата и да се отпочне со судењето. Според некои податоци во текот на Виничката афера биле затворени 483 лица а бројот на избеганите во планините и во Бугарија изнесувал 528 лица, според други укажувања бројот на жртвите на Виничката афера бил ваков: убиени 5 лица, умреле од мачењето 5, тепани биле 111, 85 мачени, 13 лица (жени и мажи) биле силувани, затворени во казалиските и скопскиот затвор биле 528, избегале во Бугарија 300 лица. Меѓу мачените имало 27 учители, 13 свештеници; затворени биле 33 учители и 12 свештеници. Избегале 10 учители и 11 свештеници. Другите биле главно селани и занаетчии од градовите. Бројот на затворените лица по кази (околии) бил следниот:

| | | |
|---|---|---|
| Кочанска каза | 172 | лица |
| Пехчевска каза | 51 | „ |
| Штипска каза | 159 | „ |
| Кумановска каза | 26 | „ |
| Паланечка каза | 120 | „ |
| Кратовска каза | 64 | „ |

На најтешка казна 101 година робија биле осудени Мише Развигоров, учител од Штип, Јосиф Даскалот, учител од Кратово, Петар Поп Арсов, родом од Богомила — велешко, а главен учител во Штип, Димитар Миразчиев, штипјанец главен учител во Паланка, Игуменот Козма од Лесновскиот манастир, Ангел пандурот од село Драгобраштa, Ангел Георгиев од Кавадарци, Александар Беличев, учител од Кочани. Сите тие биле заточени во Подрум — кале — Аденски вилает. Од Виница биле осудени на временски казни до 20 години Јованче Петров, татко на избеганиот во Бугарија Ѓорѓи Јованчев, Митко Стефанов, шура на Ѓорѓи, Тодор Захариев Цеков, Иван Паунов, Васил Клинчаров и Христо Мицов, а условно осудени на доживотен затвор биле избеганите Ѓорѓи Јованчев и Ангел баба Божанин. Меѓу умрените од мачењето бил и раководителот на месната организација за Виница, Спиро Ампов. Нему му бил здробен градниот кош од стегање со менгеме.

Во оваа прилика, по 80 години од оваа масовна провала на Организацијата ќе си спомнеме само за неколку од бројните примери на поединечна саможртва, човечка хуманост и солидарност на македонскиот народ спрема страдалниците во Виничката афера. Така на пример, стариот свештеник Никола Темелков, од Зрновци бил врзан за брадата и за опашката на коњот што го јавал чаушинот и така бил приморан да ја гази студената вода на Брегалница при спроведувањето за Кочани. По патот паѓал неколку пати во несвест и бил влечен од коњот, а по извесно време умрел. Учителот Јосиф Даскалот од Кратово, иако бил известен дека е откриена организацијата во Виница, Штип и Кочани, и му било советувано да емигрира за Бугарија, категорично откажал, велејќи: „а што ќе речат луѓето што сум ги примал во организацијата". Потоа, рипа во реката кај Радин мост, обидувајќи се да го повлече со себе и турскиот командир на полицијата, со цел да се самоубие за да не ги предаде тајните на организацијата.

Освен неколкуте души што не можеле да ги издржат маките и започнале да откриваат луѓе од Организацијата и оружје, огромниот број од мачените се држеле како вистински херои. „Селаните и покрај сите провали, претепувани, мачени и слично, за да откријат лица, пушки, архива, се држеле поцврсто и биле поупорни и ги претрпеле сите мачења, без да паднат духом и без да признаат нешто или да ги посочат своите блиски. Како што бива при секој настан така и во времето на Виничката афера, се прославија и станаа познати некои лица, учители или ситни трговци и занаетчии и повеќе за нив се раскажуваше, нив ги обвинуваа или пофалуваа, а некои опејуваа ... Но, од раскажувањата, од сопственото присуство на многумина, јасно произлегуваше дека вистинските маченици, соработници, организатори, дејци во конспиративната работа биле пак некои гра-

ѓани и повеќе селани, кои со својот ум, со својот такт, со својата упорност, цврстина, карактерност се посочуваа како пример за следење и поука на нас младите . . .“

При спроведувањето од Кочани за Скопје, преку Соколарци, Лепопелци, Лезово, Трооло, Мечкуевци и Марино, изврзаните кочанци и виничани биле натерани да ја прегазат замрзнатата Злетовска река. Селаните од селата низ кои поминал овој конвој го поткупиле јузбашијата Масар бег, командант на конвојот, та тој заповедал на постарите лица да им се одврзат синџирите, ги нахраниле луѓето и им дале суви чорапи. Некои давале грејана ракија и вино за да се затоплат.

Главните раководители на револуционерните тела и упатените луѓе во тајните на Организацијата беа затворени, осудени на робија или избегани во Бугарија. Поголем дел од складовите на пушки беше откриен и оружјето запленето, неколку годишниот труд на Организацијата во некои реони и места отиде попусто. Но, во секоја ваква народна катастрофа имало и нешто поучно и корисно за иднина. „Виничката афера го разбуди од летаргичен сон и најзатапениот човек во Македонија за да разбере дека постои една тајна револуционерна организација и нејзината цел“, вели еден современик учител во Виница.

Турските власти биле изненадени и огорчени од раскривањето на ваква бројна организација што неколку години работела нелегално. „Тие со ужаст констатираа каква опасна змија се криела во пазувите на нивниот господаречки систем.“ Затоа власта презеде остри и опсежни мерки за да го уништи ова зло за царштината. Централната турска власт ја зголемила војската и ги умножила гарнизоните во Македонија уште во 1898 година. На 19 март 1898 година, еден баталјон војска под командата на Саид Батал Гази (од вилаетот Конија) од Солун е испратен за Скопје. Тој се состоел од 14 офицери, 518 војници и 91 коњ во комората. Од Битола истиот ден бил испратен за Скопје уште еден баталјон војска со 14 офицери, 633 војници и 90 коњи. На 16 март истата година од Кариферија бил испратен баталјон војска од 14 офицери, 632 војника и 60 коњи. На истиот ден вечерта уште еден баталјон од 14 офицери, 910 војници и 66 коњи бил испратен за Скопскиот вилает. На 17 март од Битола, бил испратен баталјон турска војска со 16 офицери, 916 војници и 30 коњи. Еден ден потоа од овој град испратен е уште еден баталјон составен од 14 офицери, 874 војници и 80 коњи. Овие баталјони, составени од редовна (низами) војска и резервисти (редифи), биле предназначени за Кратово и Крива Паланка — односно за бугарско-турската граница. Патролни единици деноноќно крстосувале по селата, а на редовните војници им го продолжувале воениот рок.

Дотогаш коректните односи меѓу христијанското и муслиманското население се изостриле. Месните власти во Кратовскиот реон презеле и други строги мерки за да го исплашат на-

селението и да ја осигураат својата безбедност. Се даде повод на познати силници и зулумџии да вршат разни своеволија над македонското население. Низа години по Виничката афера, речиси, како никогаш пред тоа станувaa чести убиства на христијани, насилни потурчувања на Македонки и пакости од разбојнички муслимански чети и подвали што му ги нанесувaa на населението од Кратовско-Злетовскиот крај. Биле создадени контрачети од Турци и Албанци кои вршеле своеволија во Кратовско и сееле ужас меѓу населението. Таква чета имало во село Турско Рудари, која била составена од Турци.

Организацијата не располагаше со вооружена сила за да може да реагира против прогонувањата, против убиствата и своеволијата од турските власти и разни вооружени контрачети и разбојнички дружини. Се осеќаше императивна потреба од четнички „комитски" вооружен институт што ќе биде како продолжена тупаница на Организацијата готов, според потребата, да се спушти врз инквизиторите и врз народните предавници за да го заштити голоракото население. Само постојаните реонски чети можеа да му дадат на ослободителното движење оној неуловив стабилен орган од кој имаше нужда Организацијата.

Солунскиот конгрес на ТМОРО од 1896 година, покрај другите свои значајни одлуки, го разгледал и прашањето за вооружената сила на Организацијата. Според подоцна прифатениот Устав на Организацијата, секој околиски револуционерен реон се задолжуваше да има своја чета, чија задача се определуваше со специјален правилник. Гоце и Ѓорче Петров при крајот на 1900 година, изработиле Правилник за дејствување на околиските чети со кои се регулирале нивните права и должности. По околиските чети ќе се јават центрови пунктови чети — една на неколку села, потчинети на околиска чета, потоа селски чети, една за секое село, составена од легални членови, кои се мобилизирале само во одделни случаи. Всушност тоа е селската милиција. Над сите тие чети се наоѓала инспекторската, ревизорска чета, единствена за цела Македонија и Одринско, под командата на Гоце Делчев, кој во исто време бил началник на целата вооружена сила на Организацијата.

По Виничката афера Организацијата постепено создаде постојана вооружена сила со сопствена полиција и со сопствен военен кадар. За ова помогна зголемениот број на луѓе што беа компромитирани пред турските власти, та беа принудени да ги напуштаат своите домови и спонтано се организираа во вооружени чети. Едновремено тоа беа и првите вооружени органи на државноста што требало да послужат како егзекутивно тело на ТМОРО, која претставуваше врховно тело на македонската државност во создавањето.

И така, од проповедничка, административна и градска Организација во годините по Виничката афера, ТМОРО ќе се пре-

образи во масовна и активно борбена, изградувајќи со време своја сопствена тактика и стратегија.

Во овој период беше обновен нов канал за врски меѓу внатрешноста и задграничкото преставништво во, Софија. Во важниот крајграничен пункт од другата страна на границата, во Ќустендил Ангел баба Божанин, или како што го наречуваа Винички, пак стана главна личност без која не ќе можеше да функционира овој канал. Неговата преданост на Организацијата, неговата оформеност во свесен субјект на ослободителното дело станаа извесни подалеку од местото во кое тој дејствуваше. За него Гоце Делчев се беше искажал на овој начин: „Селанец, со вродени позитивни карактерни црти и со ретка преданост на револуционер обречен да изгори секогаш во огинот за слободата на Македонија. Незаменлив жрец на Организацијата уште од нејзиното создавање".

Роден во Виница во 1867 година, уште од мал бил извесен како Ангел Божанин — според името на мајка му Божана која била почитувана од Виничани како умна, услужлива и гостопримна домаќинка, со родољубиви чувства Македонка. Останат без татко уште како дете, Ангел бил воспитуван со личниот пример од својата мајка та ги усвоил и нејзините човечки добрини, нејзината итрина, нејзиниот домаќинлак и чесност. Со личен напор Ангел успева да си осигура прилично завидна материјална состојба во Виница. При создавањето на ВМРО, уште во 1893 година, Ангел станува член во првото раководно тело на Организацијата во Виница заедно со извесните трговци Спиро Ампов и Ѓорѓи Јованчев. Како член на раководното тело Ангел се пројавува со својата смелост, со предприемчивост и со национално сознание та се беше здобив со неограничена доверба и симпатии кај своите сограѓани и кај населението од околните села. Со неговото име се сврзува и создавањето на првиот канал на ВМРО од Виница до Ќустендил и обратно. Тој е првиот нелегален курир на Организацијата што ги преведуваше луѓето и ја пренесуваше поштата по овој таен канал. Безгранично смел, одличен познавач на теренот, на приликите и воопшто луѓето, Ангел Винички беше дотаму самонадеен дека без пречки ќе ја врши курирската должност, инаку рискантна и опасна, што во една прилика беше го рекол за себе и ова: „И дури ако чуете некој ден дека ме убиле на границата, да не верувате. Уште не е роден тој Турчин, кој може да ме убие или жив да ме фати, се плашам само од некое подло предавство на некој член на Организацијата. Но, дури не видам да се тркалаат лешови пред мене и дури не го испукам и последниот куршум нема да умрам".

За да не падне во рацете на турската полиција во времето на Виничката афера Ангел емигрира во Бугарија, и се настанил во Ќустендил. Разбирајќи дека неговата жена и малата ќерка му страдаат од насилствата на турската власт, а имотот

му се упропастува, Ангел тргнува вооружен од Ќустендил по старите патишта, пристигнува незабележан од никого во Виница и во првата наредна ноќ, само со жената и детето во раце срекно ја минува границата и ги води во Ќустендил. При напуштањето на Виница, оставајќи го сиот свој имот Ангел ја теши женаси со следниве зборови: „Ништо не земај со себе! Немој да жалиш и за имотот! Агите тројно ќе го платат.“ Од овие негови зборови извира и безрезервната вера во скорото ослободување на Македонија, верата во Организацијата што го организирала целиот народ за во даден погоден момент да ја започне борбата и ја извојува победата.

Како емигрант во Ќустендил Ангел станува најповерлива личност на ВМРО и благодарение нему крајграничкиот пункт на ВМРО во Ќустендил можел нормално да прифаќа и препраќа революционерни чети, оружје и други материјали од двете страни на бугарско-турската граница. Тој успешно ги извршувал сите заповеди на Задграничното преставништво на ВМРО и покрај честите ригорозни мерки што бугарската официјална власт ги преземала за да ги прекрати овие комуникации преку Ќустендил. Ангел Винички секогаш наоѓал начини да ги надитри и бугарските и турските власти и да ја извршува својата патриотична курирска должност без застој. Цели пет години тој успешно го опслужува новосоздадениот таен канал се до кобниот 30 септември 1902 год., кога беше обграден од броен турски аскер и башибозлук, и кога во нерамна борба што траела цели 8 часа паѓа пронижан од непријателскиот куршум над селото Драгобраштa за да за последен пат ги натопи полите на Осоговијата со својата крв што пред тоа безбројпати ги топеше нејзините патеки со својата пот. Ангел Винички со својот револуционерен живот и со својата херојска смрт го покажа патот и на своите современици и на поколенијата на својот потиснат народ дека слободата може да се извојува само со сопствени сили само со оружена борба.

И по тој пат тргна македонскиот народ во Илинденското востание, но, тоа востание беше предвреме кренато и не успеа Тогаш поробениот македонски народ немаше искрен и верен сојузник. Подоцна, во време на НОВ и Социјалистичката револуција, сојузници и соборци на македонскиот народ му беа југословенските народи и народности предводени од КПЈ. Затоа и борбата успеа против фашистичките окупатори и против обидот да се обнови власта на буржоазијата. Успеа Социјалистичката револуција што сега обезбедува мирен и сестран развој на народите и на народностите на Југославија во самоуправното социјалистичко општество во кое Македонија прави крупни чекори на сестран развој.